ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 07/22



20.06.2022 година

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТ БЕЗБЕДНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика при Европскиот универзитет, на 208мата седница одржана на ден 01.06.2022 година, донесе одлука бр.02-592/1 од 01.06.2022 година за формирање на Рецензиона комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од област Безбедност, по распишаниот конкурс во весникот „Вечер" на 10.05.2022 година, во состав:

1. Проф. д-р Марјан Богдановски, претседател
2. Проф. д-р Ненад Танески, член
3. Доц. д-р Александар Нацев, член

По разгледувањето на доставената документација, Рецензентската комисија за избор на наставник по распишаниот конкурс на Факултетот за детективи и криминалистика го поднесува следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**

Комисијата утврди дека по распишаниот конкурс на Факултетот за детективи и криминалистика за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа Безбедност, во предвидениот рок се пријавил кандидатот:

**-д-р Драгана Костевска**

**I.-Подобност на кандидатот**

Кандидатот д-р Драгана Костевска ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование, бидејќи:
-ги исполнува критериумите за избор за наставник во наставно-научно звање
-има стекнато научен степен доктор на науки од наведената област
-има објавено научни трудови и публикации соодветно звањето во кое се врши избор
-има способност за изведување на високообразовна дејност.

**Биографски податоци**

Од биографијата што е приложена се гледа дека д-р Драгана Костевска е родена на 12.09.1987 година во Куманово, Република Македонија. Основно образование завршува во ОУ„Кочо Рацин" во Куманово. Четиригодишно гимназиско образование завршува во СУГС „Георги Димитров" - Скопје". За додипломските студии добива стипендија од Република Романија, при што дипломира на Универзитат „Овидиус", на Факултетот за Историја и

политички науки во Константа, Република Романија. Времетраењето на студиите е четири години, од 2006 до 2010 година, каде што од октомври до јуни 2006 година, го изучува романскиот јазик. По успешно финализирање на испитот за читање и пишување на романскиот јазик, добива потврда за успешно финализирање на подготвителниот курс за романски јазик. Од 2007 до 2010 година, на студиската програма Политички науки, ги финализира испитите на романски јазик на истоимениот факултет, при што се здобива со назив **дипломирана за политички науки**, со просек на дипломирање 8,71. Дипломира на тема: *„Крајот на комунизмот во СФРЈ и нови политичко-административни структури во Република Македонија“*, под менторство на Проф. д-р Маријан Кожок. Испитот за финализирањето на студиите и одбрана на дипломскиот труд, го поминува со просек 10.

Постдипломските студии ги продолжува на Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, на катедрата на Правниот факултет, во студиска програма: Применета политика и дипломатија. Времетраењето на постдиплоските студиите е три години, во период од 2010 – 2013 година, со просечна оцена на положени испити од 9,55. Со оглед на високиот просек на постдипломските студии, на 12 април 2013 година, добива можност за годишна студентска посета на Седиштето на НАТО во Брисел, Мисија на Република Македонија при НАТО и Врховната Команда на Алијансата за Европа (SHAPE) во Монс. Од посетата добива потврда, односно сертификат за посета од Шефот на Мисијата на Република Македонија при НАТО, Амбасадор, м-р Мартин З. Треневски. Постдипломските студии ги завршува со успешна одбрана на тема: „Споредбена анализа на тоталитарни идеологии – со посебен осврт на фашизмот и нацизмот“, под менторство на Проф. д-р Јован Ананиев, при што се здобива со титула Магистер по правни науки, насока – Применета политика и дипломатија. Кандидатот има познавања од англиски и германски јазик. Поседува солидни компјутерски вештини, вклучувајќи напредно познавање и работа со Windows, Microsoft Office пакетот: Word, Excel, Access, PowerPoint, и Интернет.

Во 2014 година се запишува на докторски студии на Факултетот за безбедност во Скопје, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Просечен успех на студиите изнесува 9,57. По успешно финализирање на испитите од студиската програма, во 2017 година, со претходна согласност од страна на Проф. д-р Оливер Бачановиќ во улога на ментор, пријавува докторска дисертација во областа на виктимологијата со наслов: „Криминална виктимизација на стари лица – со посебен осврт на насилнички и имотен криминалитет во Република Македонија“. Во месец декември, по одржана јавна одбрана на ден 26.12.2019 година на Факултетот за безбедност – Скопје, во состав од следната комисија: проф. д-р Цане Мојаноски – член (претседател), проф. д-р Оливер Бачановиќ – член (ментор), проф. д-р Миодраг Лабовиќ – член, проф. д-р Драгана Батиќ – член и проф. д-р Сунчица Димитријоска – член, успешно ја одбрани својата докторска дисертација под истоимениот наслов и се стекна со научен степен Доктор на науки од областа на безбедноста.

**Податоци за Наставно-образовна, Научно истражувачка и Стручно апликативна и организационо-развојна дејност во научното подрачје на безбедноста**

Меѓу другото, од месец ноември 2015 година, ангажирана е како демонстратор на Факултет за безбедност, при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, на предметите: кривично право, кривично-процесно право, управно право, криминологија и организиран криминал и корупција. Реализирање на вежби во улога на демостратор е во периодот од ноември 2015 година до декември 2016 година.

Согласно доставената документација, кандидатката активно се бави со научна дејност, што може да се види во објавените трудови на неколку меѓународни конференции.

**Список на објавени научни и стручни трудови**

**Трудови од зборници и научни конференции:**

1. Драгана Костевска (2021), „EXAMINING THE LEVEL OF SAFETY AND SECURITY THROUGH THE PRISM OF VIOLENCE AND ABUSE AMONG WOMEN PRISONERS", *Vision International Scientific Journal, Volume 6, Issue 1, March 2021*, UDK: 343.261-052-055.2(497.7) 343.988:364.63- 055.2(497.7)

2. Александар Нацев, Драгана Костевска (2021), „Terrorism as a Form of Organized Crime", *Vision International Scientific Journal, Volume 6, Issue 2, December 2021,* UDK: 323.28:343.9.02.

3. Драгана Костевска (2019), „Vulnerability at the Old People Considered Through the Prism of Criminal Victimization and Abuse", JOURNAL OF EUROPEAN AND BALKAN PERSPECTIVES. MMXIX Vol.: II, No.: 2 ISSN: 2545-4854, 2019, Skopje.

4. Драгана Костевска (2019), „Institutional Elder Abuse". UDK 343:351.74. International Scientific Conference "Towards a Better Future: Democracy, EU Integration and Criminal Justice", Faculty of Law - Kicevo, University "St. Kliment Ohridski", 2019, Bitola.

5. Драгана Костевска (2018), „Elder Abuse in the Republic of Macedonia", UDK 364.63-053.8(100). International Scientific Conference: Towards a better future: The Rule of Law, Democracy and Polycentric Development, 2018, Bitola.

6. Драгана Јовановиќ, Александар Стојановски (2016), „St. Kliment Literary School", St. Climent's Messages for Ethics, Morality and Values, International scientific conference, December 05 2016, Skopje, UDK: 821.163.1.09.

7. Драгана Јовановиќ (2016), „Social Context During the Activity of St. Kliment“, St. Climent's Messages for Ethics, Morality and Values, International scientific conference, December 05 2016, Skopje, UDK: 27-36-76-051.

8. Драгана Јовановиќ (2016), „Globalisation Impact and Criminological Approach to the Determination of the Concept of Organised Crime“, International scientific conference, CONTEMPORARY TRENDS IN SOCIAL CONTROL OF CRIME, pag. 141-151, May 30-31, 2016, Ohrid.

**Заклучок**

Врз основа на погоре изнесените податоци за професионалната биографија, работното искуство, резултатите, од самиот преглед и карактеризација на изработените, рецензирани и објавени трудови, јасна е интензивната научна ангажираност на кандидатката која за релативно кус период од докторирањето успева да даде свој допринос во научното подрачје на безбедноста. Комисијата констатира дека кандидатката како истражувач од практиката, неколку години успешно и непосредно е ангажирана како во научно-истражувачката дејност, така и во невладиниот сектор, може многу да придонесе и во наставно-научниот процес со систематизирано и методолошко искористување на нејзините стручни, практични, теориски и научни познавања, а како потпкрепа на тоа се и евидентите способности и големиот мотив на кандидатката за изведување на високообразовна дејност.

Затоа членовите на Рецензионата комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика, кандидатката д-р Драгана Костевска да ја изберат во звање доцент од областа на безбедноста.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Марјан Богдановски, претседател

Проф. д-р Ненад Танески, член

Доц. д-р Александар Нацев, член